**ВАЖНИ НАПОМЕНИ кон соопштението за упис на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии**

**Напомена 1 Правила:**

● Согласно, член 23 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот, бр.417/2019 и бр.607/2021), студент запишан со партиципација (***државна квота), го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација (*државна квота) и ги продолжува студиите во квота со школарина (*со поднесување на трошоците за студирање - кофинансирање) ако:

- еден предмет запишува по трет пат;

- не положил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар, до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски, односно летен).

● Согласно, член 34, член 35, член 36 и член 37 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот, бр.417 и бр.607/2021) студентите, при упис на предметите треба да внимаваат:

- при запишување на нови предметите, изборот на истите, треба да е во согласност со правилата за напредување, утврдени со студиските програми;
- на условувачките критериуми, односно на предусловите за запишување на секој предмет, кои се дефинирани во студиската програма (хоризонтална и вертикална условеност);
- најпрво ги презапишуваат неположените задолжителни и изборни предмети од претходниот зимски семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар, и на крај изборните од тековниот семестар, но не повеќе од вкупно 35 кредити;

**НАПОМЕНА 2**: **Барања**

● Студентите можат да поднесат барање за **стекнување на статус особено успешен студент**, согласно Одлуката стекнување на статус особено успешен студент **(барање)**

● **Особено успешните студенти** (со просек 9,50 – 10,00) може да поднесат барање за делумно ослободување од партиципацијата/школарината на особено успешен студент. Откако ќе биде изготвено Решението за делумно ослободување, студентите ќе бидат информирани електронски од страна на Одделението колкав е износот кој ќе треба да го уплатат за упис на семестарот **(барање).**

● **Студентите кои оствариле просечен успех од 8,50 до 10,00** имаат право да запишат од 36 до 40 ЕКТС при што не е должен да ги има

положени сите претходно запишани предмети, како и по исклучок ако студентот ги запишува последните предмети, предвидени со студиската програма. Во овој случај, студентот заедно со сите потребни документи, поднесуваат барање за запишување од 36 до 40 ЕКТС.
По проверка од страна на Одделението за студентски прашања, барањето по службена должност се доставува до продеканот за наставни и студентски прашања на потпис **(барање);**

- Студентите кои оствариле **прво место на државните натпревари за средните училишта** организирани од здруженијата и друштва во рамки на сите институти, а биле ослободени од плаќање на партиципација во првата година, можат да поднесат барање за ослободување за учебната 2024/2025 година, согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката и Одлука за прво место натпревари **(општо барање)**

- Студентите кои се стекнале со **меѓународно признати дипломи/награди во одредени спортски дисциплини** се ослободуваат од плаќање партиципација/школарина во износ од 50%, согласно Одлуката за 50% ослободување на студенти со меѓународни признати дипломи/награди од спортски дисциплини, можат да поднесат барање **(општо барање)**

Одлуките се објавени на интернет страницата на факултетот, во делот за упис на зимскиот семестар за студентите од прв циклус.

- **При повторно запишување на неположен изборен предмет**, студентот има право да го замени со друг изборен предмет (доколку сака да изврши промена). Студентите поднесуваат Барање за замена на неположен изборен предмет до ЕКТС координаторот на соодветниот Институт **(барање);**

- **Студентите, кои се во тешка материјална состојба**, може да поднесат барање за плаќање на рати. Сумата до 15.000,00 може да се уплати на 2 рати, а над 15.000,00 на 3 рати и не треба потпис за одобрување. Барањето за плаќање на рати за зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година, може да го подигнете од Одделението за студентски прашања или да го симнете на следниот (**барање)**

Студентите кои ќе плаќаат на рати или особеното успешни студенти, кои ќе го оставарат правото да бидат делумно ослободени, нема да можат да го уплатат износот на ратата директно во Iknow системот. Студентите, треба да ја приложат физички потврдата во Одделението за студентски прашања (вирмански или ако плаќале електронски, да приложат испечатен налог).

**Напомена 3** **<u>Рокови:</u>**

| | | |
|---|---|---|
| Редовен рок | 18.09.2024 до 30.09.2024 г | / |

| | | |
|---|---|---|
| Запишување на семестар по истекот на рокот | 01.10.2024 г. до 14.10.2024 г. | со поднесено барање со образложение и уплата на надоместок за запишување на семестар по истекот на рокот во износ од 1.500 денари, при поднесување на барањето |
| Мирување на студиите | до 14.10.2024 г. | со поднесено барање со образложение и соодветна документација, како доказ, за причините на мирувањето и уплата на надоместок за мирување во износ од 2.000 денари, при поднесување на барањето |
| Рокови за одбрана на дипломска работа | до 14.10.2024 г. | студентите се ослободуваат од запишување на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година |

По истекот на рокот за задоцнето запишување, на студентот нема да му биде дозволено запишување на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 г.

**Напомена 4 - рокови за завршување на студиите за генерација прв пат запишани во учебната 2017/2018 година (акред.2012) и сите студенти што биле префрлени по акред 2012:**

Ги потсетуваме сите студенти кои се запишале по прв пат во учебната 2017/2018 година (акредитација 2012), како и сите студенти кои се префрлени по акредитација 2012, дека рокот за завршување на студиите им е до 30 септември 2025 година.

17.09.2024 г. Од деканатот,